**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Чучер-Сандево**
**Сашко Комненовиќ**

**ИЗГОТВУВАЧ:**
**Одделение за јавни дејности**

# ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО ЗА 2025 ГОДИНА ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ

Скопје, 2024 година

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 и член 62 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“202/24) и член 16 став 1 точка 7 од Статутот на општина Чучер Сандево („Службен гласник на Општина Чучер-Сандево'' бр.5/19) Советот на општина Чучер Сандево на **47-та** седницата одржана на ден **30.12.2024** година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ОД ОБЛАСТА НА ПРЕДУЧИЛИШНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА

1.ВОВЕД

Општина Чучер Сандево во рамките на своите надлежности и можности посветува големо внимание за развој и непречено одвивање на воспитно-згрижувачкиот процес и унапредување на условите за згрижување на деца во ЈОУГД „МИЛО МОЕ„ Чучер Сандево, општина Чучер Сандево.

Со Програмата од областа на предучилишното образование и воспитание на Општина Чучер Сандево за 2025 година се дефинираат активностите на Општината во делот на детската заштита, згрижувањето, воспитанието и едукацијата на децата од предучилишна возраст во текот на 2025 година.

Програмата на Општина Чучер Сандево од областа на предучилишното образование и воспитание се носи согласно нејзините надлежности утврдени во законските и подзаконските акти, земајќи ги предвид можностите утврдени во Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2025 година.

2.ЦЕЛ

Цел на програмата на Општината Чучер Сандево од областа на предучилишното образование и воспитание е подобрување на квалитетот на згрижување, воспитание и образование на децата како и условите за работа во детската градинка.

3.СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

-Обезбедување на еднакви можности за згрижување и воспитание за сите деца во Општината Чучер Сандево;

-Поддршка на воспитно-згрижувачката дејност и креирање на стимулативна средина за ран детски развој;

-Развивање и продлабочување на воспитната компонента во градинката;

-Поддршка за реализацијата на Годишната програма за работа на градинката;

4. АКТИВНОСТИ

Активностите во областа на предучилишното образование и воспитание, Општина Чучер Сандево ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварување на целите на оваа Програма.

Во текот на 2025 година, во Општина Чучер Сандево преку следните активности ќе ги допринесе во беспрекорна работа на установата.

**4.1.Набавка на нагледни и дидактички средства и материјали согласно потребите на детската градинка-40.000,00 ден.**

**4.2.Превоз и влезница за одредена активност на установата (Посета на зоолошка, посета на музеј, одредена знаменитост и сл,)-20.000,00 ден.**

**4.3.Оперативни трошоци (електрична енергија, привремени вработувања и други издатоци за непречено функционирање на Установата) 2.375.000,00**

5.БУЏЕТ

За реализација на планираните активности по оваа Програма, во буџетот на Општината Чучер Сандево за 2025 година се предвидени 2.435.000,00 ден.

6.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во "Службен гласник на Општина Чучер-Сандево", а ќе се применува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

**Бр.08-2212/15**
**30.12.2024 година**
**Чучер Сандево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Сања Петрушевска**